Библиотека
Р. Ф.У — Скопје
„Диво месо"

театарски гласник

12

ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ

ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК

БРОЈ 12

ЈУНИ 1980

ТЕАТАРСКИ ГЛАСНИК
излегува двомесечно (освен за јули-август)
Цена на еден примерок: 10 динари (за двоброј 20 динари)

Жиро-сметка: 40100-603-149

Адреса: Драмски театар, Шекспирова 15, 91000 Скопје
(за „Театарски гласник“)

Печати: Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје

Тираж: 1.000 примероци
Издава: ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ: Хисен Рамадани, Хараламие Поленаковиќ (претседател), Васил Иљоски, Дарко Дамески, Димитар Станковски, Ацо Дуковски, Ристо Стефановски, Георги Божиков, Џемаил Максут, Мехди Бајрактари, Димитар Гешоски, Благоја Николов, Блаже Алексоски, Тодор Максимов, Ниче Василев, Томислав Спасовски, Димитрие Османли, Захарија Смаќоски, Лилјана Мазева, Хилда Кондовска, Иван Ивановски (заменик претседател), Петре Бакевски, Ристо Лазаров, Томислав Османли, Наџи Ндоци, Јордан Плевнеш, претставник на Драмата на МНТ, претставник на Балетот на МНТ и претставник на Републичката заедница за култура.

РЕДАКЦИЈА: Ристо Стефановски (одговорен уредник), Витомир Митевски (уредник), Ацо Алексов, Коле Ангеловски, Љубиша Георгиевски, Кемал Лила, Владимир Милчин, Горан Стефановски и Слободан Унковски.

Овој број го подготвил Славко Маринковиќ.

Лектура: Јелица Инадеска, лектор

Превод: Мајда Тушар (од словенечки), Јелица Инадеска и Славко Маринковиќ (од српскохрватски јазик)

Тито, театар и актери

ЈОСИП БРОЗ ТИТО СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ТЕАТАРОТ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ ВО ЈАЈЦЕ ВО ТЕКОТ НА 1942 ГОДИНА

По повод отворањето на изложбата

„Тито, театар и актери“

ХИСЕН РАМАДАНИ, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија

Другарки и другари,

Големата болка што нè обзеде како во времето на траењето на тешката болест, а особено со смртта на нашиот Претседател, предизвика силна манифестација на чувства на љубов спрема него. Нашата трајна определеност кон неговото дело, создаде уште поголема цврстина на нашата одговорност за вредносите што се инспирираа и водеа од него за вредностите што ги постигнувавме вчера, што ги постигнавме денес и што ќе ги постигнуваме утре — генерации по ред.

Во таква атмосфера, кога воедно сме исполнети со голема тага за ненадоместливата загуба и со гордост што создававме и создаваме во Титовата епоха која трае и одлучни трајно да го следиме Титовото дело, мошне е тешко да се пишува дури и за најмал дел од големото, епохално дело на другарот Тито.

Во оваа прилика имам навистина сложена задача, но и задача што ме исполнува и со гордост и со чест, бидејќи зборувам за една творечка сфера спрема која Тито секогаш покажуваше особено интересирање и љубов, и пред собир кој во своето уметничко создавање непрекинато е инспириран од Титовото дело.

Титовата улога, како инспиратор и двигател на сите наши движења и на целиот наш развој пред Револуцијата, во Народноослободителната војна, во социјалистичката изградба, вткаена е и во патот по кој се развиваше и развива нашата театарска и филмска уметност во социјалистичката самоуправна заедница на братските народи и народности.

Богатството и длабочината на Титовата мисла за уметноста беа значаен поттик и инспирација за југословенското уметничко творештво создавано во славната Револуција, развивана во бурните децении на непрекинатата борба за општ развој и во тие рамки за развојот на уметничкото творештво што достигна подем кој нависина ја потврдува смислата за уметничкото доживување на нашиот човек и силата на уметничкото творење на нашиот уметник.

Од револуционерниот театар што се создаде уште во 1942 година во непосредна близина на Главниот штаб и другарот Тито и што го доби името Театар на народното ослободување на Југославија, започнаа да никнат театарски ансамбли ширум целата слободна Југославија, под услови кои што тогаш значеа импровизирани сцени, аматери и ентузијасти, со еден збор љубителите на театарската уметност. Сега нашата театарска уметност со своите уметнички вредности и вкупните креации на работните луѓе во нив се на ниво, не само на светското уметничко творештво, туку претставуваат и силна инспирација и поттик за развојот на самоуправните социјалистички односи, одделно од нивната хуманитарна димензија. Во пламенот на Револуцијата се создаваше и филмската уметност, која во текот на изминатите децении на слобода и независност се разграни во широк подем на југословенска филмска продукција.

Во Титовите идеи и дела за создавање и развој на социјалистичкото самоуправување е изградено и уметничкото творештво како негов неразделен составен дел, зашто Тој знаеше дека само рамноправниот динамичен материјален и духовен развој може да ја извлече разурнатата земја од својата заостанатост и да ја нареди во редот на цивилизираните народи. Титовите гледања и настојувања развојот на уметноста и културата на секој народ да станат атрибути на нивниот идентитет, достоинство и поттик за интензивен сестран развој ќе останат овековечени за македонскиот народ и народностите, што живеат на оваа грутка земја со векови во мрак потиснувана и задушувана, а во која денес богатството на боите на слободните творечки сили што се од непроценливо историско значење за слободен и уметнички развој и национален идентите.

Така се создаде и се разграни театарот и театарската уметност во Македонија што застана рамноправно во редот на театрите на другите братски републики и покраини и стана чинител во уметничкото творештво во европски и светски размери.

На сите нас, а најнепосредно на театарските работници и уметници им е позната приврзаноста на Претседателот Тито кон театарот и уметноста. Секогаш Титовите зборови беа упатувани до човекот уметник, до неговите способности, зашто во секој човек Тито го гледаше и неговиот дел што останува како дел на творец.

Нема година во која другарот Тито не бил на театарска претстава и не се сретнал со уметници од бројни југословенски театри и од филмот. Тито многу добро го знаеше и познаваше театарот и театарскиот живот. Тој во една прилика има речено: „Го сакам театарот, но малку време имам. Имам желба

...ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКОТО САМОУПРАВНО ОПШТЕСТВО ВРЗ ХУМАНИ ОСНОВИ, КАКВО НИЕ ИЗГРАДУВАМЕ, УЛОГАТА НА ТЕАТАРОТ Е ОД ПОСЕБНО ЗНАЧЕЊЕ. ТЕАТАРОТ МОРА ДА БИДЕ ВИСТИНСКИ ПОБОРНИК ЗА ПРОГРЕСИВНА ОПШТЕСТВЕНА СВЕСТ И ЗА ЧОВЕКОТ РАБОТНИК, НЕГУВАЈЌИ ЈА КОНСТРУКТИВНАТА КРИТИКА КОН ОНОЈ КОЈ ГО СОПИРА НАШИОТ РАЗВОЈ. А ТОА ЌЕ МОЖЕ ДА ГО ОСТВАРУВА САМО АКО БИДЕ ВЕРНО ОГЛЕДАЛО НА ОНА ШТО СЕ СЛУЧУВА ВО НАШЕТО ОПШТЕСТВО И АКО СО НЕРАСКИНЛИВИ СПОЈКИ БИДЕ ПОВРЗАН СО САМОУПРАВУВАЊЕТО И СО ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД, КАКО НИВНИ СОСТАВЕН ДЕЛ...

ТИТО

често да бидам во него, но и покрај тоа јас го следам театарот и на друг начин".

Тито го следеше театарот и со своето покровителство ги збогатуваше најеменентните фестивали и други манифестации како и јубилеите на театарот. Со своите ставови и критичка мисла Претседателот Тито идејно влијаеше врз развојот на театарската уметност.

Изложбата која денес ја отвораме, на симболичен начин, но во мошне рељефна форма ги истакнува Титивиот однос, неговиот интерес и неговата грижа за подемот, креативните вредности и развојот на уметноста воопшто.

Тито длабоко ги согледуваше вредностите на сценската уметност како фактор на облагородување на човечкиот дух, како медиум за колективно доживување на убавото и како средиште за јакнење на оние атрибути за кои Тито цел живот се бореше. Зборовите на другарот Тито дека: „Театарот отсекогаш беше и тој мора и денес да биде благороден и творечки посредник меѓу уметноста и народот и народот и уметноста", укажуваат на низа Титови трајни видувања.

Пред сè, театарот е возвишена форма на антиципирање на човечкиот живот како единка и како колективитет. Во онаа мера, во која животот го антиципира театарот сам по себе станува своевиден начин на човековото живеење. Титовиот човек е човек на акција, тој е ангажиран и активен и тогаш кога уметнички креира, активен е и тогаш кога гледа, следи, доживува. Уметникот ја остварува својата возвишена улога тогаш кога тој станува спона на уметничкото доживување на луѓето, кога хуманата порака што ја носи секое уметничко дело сугестивно ја сврзува со чувствата на луѓето. Но, сцената како и секој друг уметнички медиј не е само трибина на креативно вдахнување и експонирање на уметникот, таа е и треба да биде средиште за инспирација и творечка мотивација на љубителите, гледачите, човекот воопшто.

Со изложените експонати, фотографии, оригинални документи, тонски снимки и друго, овековечен е само дел од средбите на другарот Тито со театарските и филмските уметници во периодот од 1942 до 1977 година. На оваа изложба се претставени најинтересните документи низ кои е прикажано интересирањето на претседателот Тито за современите текови на театарската уметност.

Од секој изложен документ на оваа изложба може да се види другарот Тито, пријателот на уметноста и уметниците — една навистина несекојдневна изложба на Титовото другарување со нив.

И на оваа изложба се среќаваме и го доживуваме Титовото гигантско револуционерно дело најсветло во нашата историја и не можеме а да не потврдиме колку тоа обврзува. Не можеме, а да не потврдиме дека тоа дело беше наше вчера, е наше денес и наша иднина.

Прогласувајќи ја изложбата за отворена, во име на сите им изразувам благодарност на Музејот на театарската уметност на СР Србија и на Драмскиот театар од Скопје што ни ја овозможија оваа убава средба со делото и љубовта на другарот Тито.

25. 5. 1980 година
Скопје

БЕЛГРАД

1 ОКТОМВРИ 1968

ПО ИЗВЕДБАТА НА БАЛЕТОТ „ОХРИДСКА ЛЕГЕНДА“ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО СО ЗАДОВОЛСТВО СЕ ФОТОГРАФИРАШЕ СО БЕЛГРАДСКИТЕ УМЕТНИЦИ

БЕЛГРАД

1959 ГОДИНА

НА ПРОСЛАВАТА НА 40-ГОДИШНИНАТА НА КПЈ-СКЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ИМАШЕ СРЕДБА СО ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ТЕАТАРСКИ УМЕТНИЦИ ВО БЕЛГРАД, А МЕЃУ НИВ И СО МЕРИ БОШКОВА

ЈАЈЦЕ

1942 ГОДИНА

ЈОСИП БРОЗ ТИТО СО ИВАН МИЛУТИНОВИЌ И Д-Р ИВАН РИБАР НА ТЕАТАРСКА ПРЕТСТАВА



БЕЛГРАД

22 НОЕМВРИ 1968

ПРОСЛАВАТА НА 100-ГОДИШНИНАТА ОД ПОСТОЕЊЕТО НА НАРОДНОТО ПОЗОРИШТЕ СО СВОЕТО ПРИСУСТВО ЈА УВЕЛИЧИ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СФРЈ ЈОСИП БРОЗ ТИТО

БЕЛГРАД

3 ЈУНИ 1969

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ГИ ПОЗДРАВУВА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЛОВЕНСКОТО ГЛЕДАЛИШЧЕ ОД ТРСТ ЗА ВРЕМЕ НА НИВНОТО ГОСТУВАЊЕ ВО БЕЛГРАД СО ПРЕТСТАВАТА „ТРИ СЕСТРИ“

...ВО НАШАТА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА ВОЈНА И РЕВОЛУЦИЈАТА ТЕАТАРОТ БЕШЕ СИЛЕН ФАКТОР ВО КУЛТУРНОТО ИЗДИГАЊЕ НА БОРЦИТЕ НА ФРОНТОТ И ВО ЗАДНИНАТА И МНОГУ ЗНАЧАЕН ФАКТОР ЗА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА МОБИЛИЗАЦИЈА И ЗА РАЗВИВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ШИРОКИТЕ НАРОДНИ СЛОЕВИ, ВО ПРВ РЕД НА РАБОТНИЧКАТА И СЕЛСКАТА МЛАДИНА...

ТИТО

БЕЛГРАД

11 ДЕКЕМВРИ 1968

ЧЛЕНОВИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ДРАМСКО ПОЗОРИШТЕ ЈА ПРИКАЖААТ ПРЕТСТАВАТА „ОДБРАНАТА НА СОКРАТ И СМРТ“ ПРЕД ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЈОСИП БРОЗ ТИТО

... ТЕАТАРОТ ОТСЕКОГАШ БИЛ, И ТОА МОРА ДА БИДЕ И ДЕНЕС, БЛАГОРОДЕН И ТВОРЕЧКИ ПОСРЕДНИК МЕЃУ УМЕТНОСТА И НАРОДОТ И НАРОДОТ И УМЕТНОСТА. ВО ТОЈ ПОГЛЕД НАШИТЕ ТЕАТРИ, СТЕРИИНОТО ПОЗОРЈЕ И ДРУГИТЕ ТЕАТАРСКИ УСТАНОВИ И МАНИФЕСТАЦИИ ОДИГРААА ЗАБЕЛЕЖИТЕЛНА УЛОГА. НО, ПРЕД НИВ СЕКОЈ ДЕН ЌЕ ПРЕТСТОЈАТ СЀ ПОСЛОЖЕНИ И ПООДГОВОРНИ ЗАДАЧИ, ОСОБЕНО КОГА СЕ ИМА ВО ВИД СЀ ПОБРЗИОТ РАЗВОЈ И НА НАШАТА КУЛТУРА И НА НАШЕТО ОПШТЕСТВО ВООПШТО ...

ТИТО

НОВИ САД

16 АПРИЛ 1977

НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ТЕАТАРСКИ ИГРИ СТЕРИИНО ПОЗОРЈЕ ПРЕД ТРИ ГОДИНИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЈОСИП БРОЗ ТИТО МУ БЕШЕ ВРАЧЕНА СТЕРИИНАТА СТАТУЕТА

НОВИ САД

2 ЈУЛИ 1969

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО РАЗГОВОР СО ЈОСИП ВИДМАР ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ТЕАТАРСКИ ИГРИ СТЕРИИНО ПОЗОРЈЕ

ЗАГРЕБ

15 МАРТ 1964

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ДРАМАТА НА ХРВАТСКОТО НАРОДНО КАЗАЛИШТЕ ПО ПРЕТСТАВАТА „ЛУДАТА ОД ШАЈО“

БЕЛГРАД

1 ДЕКЕМВРИ 1963

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО РАЗГОВОР СО АРТИСТОТ ВИКТОР СТАРЧИЌ И ПИСАТЕЛОТ МИРОСЛАВ КРЛЕЖА ВО ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ДРАМСКО ПОЗОРИШТЕ ПО ИЗВЕДБАТА НА ДЕЛАТА „САЛОМА“ И „МАСКЕРАТА“

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО РАЗГОВОР СО ЧЛЕНОВИТЕ НА АНСАМБЛОТ НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ДРАМСКО ПОЗОРИШТЕ МЕЃУ КОИ И МИЛАН АЈВАЗ

БЕЛГРАД
11 ДЕКЕМВРИ 1968

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО РАЗГОВОР СО ЧЛЕНОВИТЕ НА САВРЕМЕНО ПОЗОРИШТЕ ПО СВЕЧЕНАТА АКАДЕМИЈА „МАХАТМА ГАНДИ“

БЕЛГРАД
12 НОЕМВРИ 1969

ТОЛКУВАЧИТЕ НА УЛОГИТЕ ВО ФИЛМОТ „БИТКАТА НА НЕРЕТВА“ ОРСОН ВЕЛС И ЈУЛ БРИНЕР ИМАА ЧЕСТ ДА СЕ СРЕТНАТ СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЈУГОСЛАВИЈА ЈОСИП БРОЗ ТИТО

БРИОНИ
1969 ГОДИНА

МЕЃУ ГОСТИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ОД СВЕТОТ НА ФИЛМОТ БЕА И ИТАЛИЈАНСКИТЕ ФИЛМСКИ ТВОРЦИ СОФИЈА ЛОРЕН И КАРЛО ПОНТИ

БРИОНИ
1968 ГОДИНА



ПО ПРЕТСТАВАТА „ТИТУС АНДРОНИКУС“ ВО ИЗВЕДБА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ШЕКСПИРОВИОТ МЕМОРИЈАЛЕН ТЕАТАР ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ЈА ПРИМИ АРТИСТКАТА ВИВИЕН ЛИ

БЕЛГРАД
4 ЈУНИ 1957



ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ПРИ СРЕДБАТА СО ЏИНА ЛОЛОБРИЏИДА ЈА ДОБИ НА ПОДАРОК ФОТО — КНИГАТА „ИТАЛИЈА МИА“ ОД ПОЗНАТАТА ИТАЛИЈАНСКА АРТИСТКА

БРИОНИ
1972 ГОДИНА

БРИОНИ

4 СЕПТЕМВРИ 1971

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО РАЗГОВОР СО ПРОТАГОНИСТИТЕ НА УЛОГИТЕ ВО ФИЛМОТ „СУТЈЕСКА“ БАТА ЖИВОИНОВИЌ, РЕЛЈА БАШИЌ, НЕДА АРНЕРИЌ И РИЧАРД БАРТОН



ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО РАЗГОВОР СО ПОПУЛАРНИТЕ АРТИСТИ МИЛЕНА ДРАВИЌ И БАТА ЖИВОИНОВИЌ

ПО ИЗВЕДБАТА НА ОПЕРАТА „ОТЕЛО“, ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ГИ ПРИМИ ТОЛКУВАЧИТЕ НА ГЛАВНИТЕ УЛОГИ, МЕЃУ НИВ И ИТАЛИЈАНСКИОТ ОПЕРСКИ ПЕЈАЧ МАРИО ДЕЛ МОНАКО

БЕЛГРАД
11 МАРТ 1970

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО СЕ ПОЗДРАВУВА СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ОПЕРАТА ОД ПЕКИНГ И НА НАРОДНИОТ ТЕАТАР ОД ЛИАОНИН ЗА ВРЕМЕ НА НИВНОТО ГОСТУВАЊЕ ВО НАШАТА ЗЕМЈА

БЕЛГРАД
16 НОЕМВРИ 1955

БЕЛГРАД

25 ФЕВРУАРИ 1968

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЈОСИП БРОЗ ТИТО СО МИРОСЛАВ ЧАНГАЛОВИЌ, БАС, ПО 100-ТА ИЗВЕДБА НА ОПЕРАТА „БОРИС ГОДУНОВ“

БРИОНИ

4 СЕПТЕМВРИ 1971

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО СО АМЕРИКАНСКИТЕ ФИЛМСКИ И ТЕАТАРСКИ АРТИСТИ ЕЛИЗАБЕТ ТЕЈЛОР И РИЧАРД БАРТОН

„ДИВО МЕСО“

XXV ЈУГОСЛОВЕНСКИ ТЕАТАРСКИ ИГРИ
СТЕРИИНО ПОЗОРЈЕ
НОВИ САД, 17—26 АПРИЛ 1980

Оценувачката комисија на јубилејните XXV Југословенски театарски игри виде од 17 до 25 април 1980 година осум претстави во изведба на осум драмски ансамбли. Откако ги разгледаа резултатите на годинашните Југословенски театарски игри, Оценувачката комисија на завршната седница, одржана меѓу 25 и 26 април 1980 година, ја донесе следнава

ОДЛУКА

■ Стериината награда за уметничко остварување на претстава во целина — (диплома и Стериина фигурина) да му се додели на АНСАМБЛОТ НА ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ за изведба на претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски;

■ Стериината награда за текст на современа драма — диплома, златна значка и сума од 25.000 динари) да му се додели на ГОРАН СТЕФАНОВСКИ, драмски автор од Скопје, за текстот на современата драма „Диво месо “во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

■ Стериината награда за артистичко остварување — (диплома, златна значка и сума од 10.000 динари) да му се додели на БЛАГОЈ ЧОРЕВСКИ, член на Драмскиот театар од Скопје за артистичкото остварување на улогата на Стефан во претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје и во режија на Слободан Унковски;

■ Стериината награда за сценографско остварување — (диплома, златна значка и сума од 10.000 динари) да и се додели на Мета Хочевар, сценограф од Љубљана за сценографското остварување во претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје и во режија на Слободан Унковски;

■ Стериината награда за костимографскоостварување — (диплома, златна значка и сума од 10.000 динари) да и се додели на ЕЛЕНА ДОНЧЕВА-ТАНЧЕВА за костимографското остварување во претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје и во Режија на Слободан Унковски;

■ Стериината вонредна награда за резултатите во барањата на пооригинални режисерски решенија — (диплома, златна значка и сума од 20.000 динари) да му се додели на СЛОБОДАН УНКОВСКИ, режисер од Скопје, за режија на претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски во изведба на Драмскиот театар од Скопје.

Оценувачката комисија на XXV ЈТИ
Претседател на

КОСТА СПАИЌ

членови:
Истреф Беголи
Марин Царић
Д-р Мирјана Миочиновик
Звоне Шедлбауер

Други награди

■ НАГРАДАТА НА ТРКАЛЕЗНАТА МАСА НА КРИТИКАТА со гласови на акредитираните критичари на јубилејните XXV ЈТИ (диплома на најдобрата претстава во целина) и се доделува на претставата „ДИВО МЕСО“ од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски и во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

■ НАГРАДАТА НА ПОКРАИНСКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЈУЗОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА МЛАДИНА НА ВОЈВОДИНА (уметничко дело) за драмски текст му се доделува на ГОРАН СТЕФАНОВСКИ, драмски писател од Скопје, за „Диво месо“ во изведба на Драмскиот театар од Скопје;

■ НАГРАДАТА НА РЕДАКЦИЈАТА „ГЛАС ОМЛАДИНЕ“, весник на Сојузот на социјалистичката младина на Војводина од Нови Сад, за остварување на млад уметник (уметничко дело) му се доделува на НЕНАД СТОЈАНОВСКИ за улогата на Андреја во претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски и во изведба на Драмскиот театар од Скопје.

„Дело“ — Љубљана 24. 4. 1980

Скопска игра на „Диво месо“

■ Последна и најуспешна претстава на годинашното Стериино позорје ■

Годинашното Стериино позорје во петокот навечер заврши со прикажувањето на драмата на младиот македонски писател Горан Стефановски **„Диво месо“** што на Југословенските театарски игри го прикажа Драмскиот театар од Скопје во режија на Слободан Унковски, за што, како што е познато, добија голем број награди.

„Диво месо“ ни „раскажува“ за судбината на тројцата браќа Андреевиќ и нивниот татко Димитрија, некогашен ѕидар, кој градејќи ја својата куќа ги скршил нозете и сега живее беспомошен и неподвижен. Се случува во Скопје, во „Вардарска Бановина“, кадешто луѓето не зборуваат „чист“ српски, туку „вардарско-бановински“, во годината 1939. Тројцата синови се: најмладиот Андреја, бакалски помошник, е припадник на работничкото движење, организатор на штрајкови, скоевец; најстариот Симон е келнер, пијан капитулант, несреќен поради понижувачкото слугинско занимање и уште повеќе поради тоа што жена му не може да му роди дете — син; третиот син Стефан е ценет и успешен чиновник во скопското претставништво на една германска автомобилска фирма — и тој е во преносна смисла главниот јунак на драмата **„Диво месо“.** Во воздухот се чувствува катастрофа што надоаѓа, надвисната како несопирлива мора над сите. Првите зборови во претставата се „ќе има војна“. А веднаш потоа „доста ни е од ваков мир“. Дејствието потоа кај Стефановски тече брзо, реско, со недвосмислено темпо кон катастрофата.

Во „протоколарна посета“ на скопската филијала доаѓа висок претставник на матичната фирма. Тоа е Клаус. Стефан Андреевиќ, откако гледа дека Клаус го цени, самиот се преценува при што чувствува дека е заситен од провинциското балкански живот. Татковиот конзервативизам му овозможува да земе здив, во дното на душата му лежи физичката немоќ, врзан е за старите ограничени „домашни“ вредности во кои не гледа ништо друго освен страшна заостанатост и ограниченост. „Ме вика Европа“, се очајничките беспомошни врисоци на Стефан кој е безгранично подготвен да не прашува за ценатa само за да ја дограби „влезницата за Европа“...

А која е таа Европа којашто од него прави да биде сервилен пред тој надуен Германец и којашто го тера пред Германецот да ги понижува сите свои луѓе, сопствената мајка...? Всушност, што е таа Европа освен една беда и од очај во домашни граници родена трагикомична мечта? Германецот во чизми е претставник на нацизмот што доаѓа, кој бескрупулозно го исфрлува шефот на скопското претставништво затоа што тој е Евреин. Германецот е брутален освојувач, подготвувач на теренот за Рајхот што ќе се нафрли врз Скопје, хомосексуалец кој е готов да го елиминира несреќниот Стефан од неговата Европа кога Стефан одбива да оди со него во кревет... и така натаму, и така натаму додека не се најде на земјата сè што сиромашниот стар Андреевиќ го градел со години со толку жртви, додека не почне да се урива неговата куќа којашто му ги скрши нозете, му го одзеде здравјето и му ги развеа синовите на различни страни, синовите кои секој на свој начин се спротивставува на неговата патријахална ограниченост (и верност) па така го заслужува неговото проклетство. Европа на хоризонтот веќе не е големото ветување, туку крваво нихилистичко привидение, закана на сè што е живо.

Таа сразмерно едноставна и по доволно познати обрасци психолошки ориентирана морално-критичка драматургија, скопските артисти ја покажаа со недвојбено голема сила, со суптилна театарска проникливост. Тоа е интензивно изострена претстава, составена од прецизно компонирани расположенија и остри акценти на психолошката слика.

„Диво месо“ пред сè е, по театарската енергија, меѓу двете или трите најуспешни претстави на годинашното Стериино позорје и за тоа нема двоумење.

Андреј ИНКРЕТ

„Вјесник“ — Загреб 28. 4. 1980

Заслужен триумф

По повод настапот на Драмскиот театар од Скопје со претставата „Диво месо“ на Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски

Драмскиот театар од Скопје заслужено се враќа од Стериино позорје, овенчан дури со шест Стериини награди. Нивната изведба на новата драма на Горан Стефановски, „Диво месо“ сигурно е, заедно со Цанкаровата „Убава Вида“, највисок дострел на годинашните Југословенски театарски игри. Но, скопската претстава, за разлика од онаа од Цеље, со својата леснотија и артистичка понесеност ја запали публиката, предизвикувајќи сеопшто воодушевување, а со тоа веројатно и кај жирито боди сигурна предност.

Со својата драматуршка структура, текстот на Горан Стефановски потсетува на американските драми од триесеттите години, а за тоа време и зборува: за времето пред војната, за судбината на скопско занаетчиско семејство коешто се распаѓа со напуштањето на традиционалните вредности и начинот на животот, соочен пред големиот свет и крупниот бизнис којшто изведува сè што му се наоѓа на патот. Токму во тоа е и основната метафора на претставата: дивото месо несопирливо расте задушувајќи го здравото ткиво.

Во обмислената и едноставна сценографија на Мета Хочевар, со блеската музичка соработка на групата „Леб и сол“, режисерот Слободан Унковски мошне смислено и прецизно ја развива мизансценската основа која, групирајќи ги актерите како на семејна фотографија или обезбедувајќи им максимална едноставност на сценскиот распоред, успешно и во сосема модерна сценска рамка потсетува на времето во кое драмата се случува.

Но, прецизната и енергично остварена режија веројатно би останала убава слика ако немаше исклучителна актерска температура којашто ја носи целата оваа претстава: целиот актерски ансамбл, а особено Мето Јовановски (Симон), Благој Чоревски (Стефан) и Крум Стојанов (Димитрија), кои изведоа вистински актерски паради, ја понесе оваа претстава во игра полна со страст и ритам, ги донесе сите значења на оваа драма до навистина кулминантна драматичност.

Далибор ФОРЕТИЌ

Режисерот Слободан Унковски ја прима наградата за резултатите во барањата на пооригинални режисерски решенија во „Диво месо“

„Вечерње новости“ — Белград 29. 4. 1980

На испит во зли времиња

■ Престава на Драмскиот театар од Скопје: „Диво месо“ од Горан Стефановски, во режија на Слободан Унковски ■

Над сцената на **„Диво месо“** лебдее нешто како две облачиња. Поведени од претходните претстави од годинашното Стериино позорје, би можеле да побрзаме белите облаци веднаш да ги преведеме во симбол, во метафора, во знак.

„Диво месо“ не зборува за она што (се) покажува, тоа е пред сè отворен театар кој сака разбирливо да раскаже една приказна. Во таа приказна — хроника, како што ќе се види, „обични“ факти од животот на скопското семејство пред последната војна сами по себе се преобразуваат во тврдина, напната, потресна драма на луѓе истовремено послаби и појаки од судбината.

Татко, мајка, синови, млада жена, Стефан кој би сакал да биде нешто друго. Симон кој не може да побегне од Симона, Андреја кој направи свој избор: Германецот Клаус и неговата Европа, Европејката Сара, проститутката — цел еден свет во кој живее Скопје на **Горан Стефановски**, тоа во претставата што ја режира Слободан Унковски е мрачното, вознемирено предворје на еден голем простор што го исполнуваат неизвесност, страв, закана и смрт. Секоја од личностите на драмата ставена е пред решението: на исчитат во злите времиња човек во грлото чувствува притисок на „диво месо“ кое овде може да биде и фашизам, но и сопствената совест. Стефан поверува дека само него го чека Клаусовата Европа, а кога ја увиде заблудата, сфати дека ја нема таа Европа која би го искупила тоа што е уништено. Европа е тој самиот, таков каков што е, слаб и сам, помал од себе. Стефановото освестување на начинот на кој е подготвено драматуршки ни се чини дека е недоволно засновано или барем пренагласено. Можеби грешиме.

Со „Диво месо“ се постигнаа сите услови за добра, цврста, полна претстава: зрел писател кој како да сакал со оваа претстава да се ослободи од некој израсток на сопственото срце, бидејќи го испишува со силни емоции, паметен режисер, одлични актери, блескав сценограф повторно се разбира **Мета Хочевар!)**, Говорот на овој театар, остар шкрт, туробен но — точно таков — искрен, израсна од длабокото чувство за драмата на времето и за драмата на луѓето, драма која со својата смисла и содржина ги поместува географските и историските граници и станува драма на едно сеопшто, наше Скопје.

Феликс ПАШИЌ

„Политика“ — Белград 28. 3. 1980

Возбудлива претстава

■ Горан Стефановски: „Диво месо“ во режија на Слободан Унковски (Драмски театар, Скопје), — Каква театарска средина сме? — Јубилејното Стериино позорје завршн со големо финале — прикажана е исклучителна претстава во одлична режија, со добри актери ■

Македонската драмска книжевност во Стефановски најде писател кој свртува нова страница непренебрегнувајќи ги традиционалните македонски интереси за историското од перспектива на индивидуалните постапки; содржајноста и вкусот, снагата и нивото на Горановата драма ја остваруваат драмската вредност во југословенски размери.

Фактот дека Горан Стефановски се определи за мозаична структура, слична на „Ослободување на Скопје“ од Душан Јовановиќ, само е прашање за чувство и форма за времето и дава свој стил, прикладен за обработување на тема за пресудните моменти во историјата, карактерот на движењето. Можните импулси од една средина со плодни одзиви во друга, можеме само со уверување да го наречеме проникнување на југословенската литература на дело.

Времето кога над Југословија пред војната се наднесе опасност од германскиот фашизам, прикажано, на парадигматичен начин со доаѓањето на Херман Клаус во семејството на Андреевиќ, кое до крај се раслојува, кое и онака раслоено. Тоа е она „влакно“ од бајките приказни, кое кога ќе влезе во

грло, почнува да расте „диво месо“, кое не е човечко и кое расте, и толку пораснува дури да го задуши човека“. Сè што можело да биде клише во оваа приказна, остварено е како вредност.

Драматичниот патос скоро секогаш имал антиклимакс, а таа смена на патосот и хуморот откривале драматична состојба на еден народ соочен со големите европски збиднувања кои се назираат. Трагикомичното беше македонско, колку што е Шон О'Кејсиевото Ирско.

Значајно во овој театарски настан е фактот дека драмата ја протолкувал режисерот Слободан Унковски, уметник кој генерациски и естетички е многу близок до писателот. Во претставата се чувствува дека уметниците се на иста бранова должина: со иста мерка на емотивност, со свесно структуирање на знаењето, со образованието и со модерниот сензибилитет, токму со она, со што македонската драмска книжевност и театарот прават значаен чекор напред кон новото. Тоа е театар на вистински млади европски интелектуалци во својата национална средина. „Поету, го знаеш ли својот долг!“

Мета Хочевар не престанува да нè воодушевува со својата сценографија: и овој пат, како и во цељската „Убава Вида“, оригинален е изборот на материјалот и антинатурализмот, кои со својата конкретност не противречува на реалиите на „Диво месо“

Ансамблот, очигледно, беше понесен од динамиката која го засегнува Барем тројца актери остварија вистински креации: Крум Стојанов, како патријахален татко, кој со својата зрелост ја чувствува човечката и историската правда, Лилјана Велјанова, како Сара, таинствена и женствена, блиска и далечна, и Благоја Чоревски, како Стефан, во кого драмата „Диво месо“ во потполност се преломува, кој збркан и ограничен речиси историски, но, тој тлуми дискретно и оригинално. Петар Темелковски најнапред требаше да се бори со нетипичен екстериер за Германец, но на крај ја доби битката за Херман Клаус со битни актерски средства.

За културната јавност на нашата земја на Стериното позорје „Диво месо“ на Драмскиот театар од Скопје беше радосна и возбудлива средба.

Јован КИРИЛОВ



„Студио“ — Загреб 15. 5. 1980

Кој го сака „Диво месо“?

■ Уиграниот тандем — писателот Горан Стефановски и режисерот Слободан Унковски — со делото „Диво месо“, во изведба на Драмскиот театар од Скопје, ги воодушевија жирито и публиката ■

Членот на жирито на годинашново **Стериино позорје** во Нови Сад, сплитскиот режисер Марин **Царић** вели: „Годинашниве „Игри“ не беа возбудливи како оние минатогодишните затоа што немаа така голема претстава како **„Ослободувањето на Скопје“.** Видовме само неколку извонредни, но и неколку слаби претстави“, заклучува Царић, изнесувајќи и ваква забелешка: „Сè беше под знакот на таканаречените 'мали театри'. Големите наполно беа во нивната сенка“.

Кога зборуваме за „малите театри“, Царић пред сè мисли на скопскиот Драмски театар којшто со претставата **„Диво месо“** собра најголем број награди. За скопската претстава уште во самиот почеток се зборуваше како за фаворит. Уиграниот и мошне успешниот тандем — писателот Горан **Стефановски** и режисерот Слободан **Унковски** — и овој пат ги воодушевија публиката и критиката. Громогласниот аплауз во текот на претставата беше најдобар показател за жирито, на чело со загрепскиот режисер Коста **Спаиќ,** кому треба да се доделат наградите. „Диво месо“ е второ театарско дело на 28-годишниот Горан Стефановски, асистент на Катедрата за англиски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Пред пет години на сцената во истиот Драмски театар е поставена драмата **„Јане Задрогаз“.** Изгледа дека успехот на таа претстава кај публиката и на Стериното позорје по малку го исплашија младиот автор. Тој полни четири години не се осмелуваше да пишува.

— И тогаш дојде порачката од Драмскиот театар — како да се оправдува, вели Стефановски. — Седнав, тркалото на настаните го вратив четириесетина години и така го напишав „Дивото месо“...

Дејствието на драмата се одвива непосредно пред Втората светска војна во Скопје, во семејството на ѕидарот Димитрија Андреевиќ кој останал инвалид откако паднал од покривот на својата куќа. Тука се уште неговата сопруга Марија и синовите (за улогата на Стефан, еден од браќата, Благој Чоревски ја доби Стериината награда за актерско остварување) од кои секој на свој начин го бара својот пат во животот. Токму тука и почнува драмата којашто не интригира не само со невообичаениот наслов, туку и со содржината. За тоа Стефановски вели:

— Поимот „диво месо“ потекнува од народното верување дека — доколку некој голтне влакно — околу коренот на тоа влакно ќе почне да расте месо што не е човечко, значи — диво, па на крајот толку ќе нарасте што ќе го задуши оној што го голтнал влакното. Овој поим, употребен само како симбол во мојата драма, всушност е обид да се формулира една ситуација или проблем што на секој човек му стои на патот во себереализирањето како слободна личност.



Писателот Горан Стефановски ја прима наградата за најдобар драмски текст на Стериното позорје 80

„Побједа“ — Титоград 3. 5. 1980

„Диво месо“ од Горан Стефановски...

Или — како македонскиот народ ја надраснува својата Голгота: Претставата на Драмскиот театар од Скопје, во режија на Слободан Унковски, однесе најголем број признанија

По низа драмски текстови што ни доаѓаат од минатото и без сомнение ни откриваат човечки проблеми врзани и за нашиот денешен живот... **„Диво месо“** на Горан Стефановски, неслучајно и од селекторот остава вено за самиот крај на програмата на годинашното Стериино позорје, не нуди митски ситуации, не се потпира врз легендите на својот народ, не кокетира со потсвеста. **„Диво месо“** го свртува вниманието со суровата автентичност на животот чии вкрстени слоеви ги слика со модерна драматуршка технологија, во постојано соочување со грубата реалност и поетската визионираност на оние кои се немоќни да ги дофатат објектите на своите мечти



„Диво месо“ зборува за едно скопско семејство пред Втората светска војна, за сиромаштијата во Дебар Маало, за социјалниот слој што на импортираниот господин му мириса само на слама и лој“, за условите на несопирливиот пробив на фашизоидната железна рака во „балканските пустелии“, за распаѓањето на патријахалната задруга пред сложените историски настани...

Тројцата синови на семејството Андреевиќ (а како што знаеме, во караѓорѓевска Југославија Македонците, и не само тие, немаа право на своите презимиња, па Андреев морал да биде Андреев-иќ): амбициозниот Стефан (во чувствуваната и силна артистичка креација на Благој Чоревски),поетичниот и трагичниот Симон (во сигурното толкување на Мето Јовановски), и Андреја, продавач во бакалница (Ненад Стојановски) — идеолошки меѓусебно различно се насочени, во во згуснатите историски мигови, влевајќи се еден во друг, прераснуваат — и живите и мртвите — во насочениот отпор на насилството, во никулец на животот што ќе дојде макар и преку пиштол и борба на која обесправените во краен случај се осудени.

Што е тоа **диво месо** — ќе праша Клаус (Петар Темелковски), инспектор на фирмата дојден од Германија, а всушност претходница на фашистичка арманда, кога мајката Марија, по наговор на својот син ќе му запее на „гостинот“ македонска народна песна („Да закашла, ќе замолкне, поради **дивото месо** сум бистра вода, мори мамо...“), и ќе се в грлото? Тоа се бабски приказни, празни верувања, ќе му рече на Клаубс амбициозниот син на Марија: кога некој ќе голтне влакно, околу него ќе нарасне диво месо што ќе се зголемува додека не го задуши човекот Како симбол на сето она што македонскиот народ морал да го поднесува, голта и боледува, наспроти историските невремиња, истрајувал и јакнел до самосвеста и слободата израснат, дивото месо останува како актуелно предупредување — не само сеќавањето на Клаус пред Втората светска војна во обесправената Вардарска Бановина туку и на обидот за обесправување од страна на оние кои и денес би му наметнале на макадонскиот народ бановинско, провинциско дијаалектално јаже околу вратот. Диво месо на здраво ткиво, рак-рана во сознавањето и свеста на разумниот човек. Горан Стефановски само навидум ги отсликува рефлексите на минатото; неговата ирониј е упатена на сите оние кои не се стеснуваат романтичниот „позитивизам“ на деветнаесеттиот век да и го накалемат на бујната вејка на современата дијалектичка, со реалноста потврдена, свест. На Клаусовата забелешка, на пример, дека Андреев(иќи) и не зборуваат **чисто српски,** младиот Андреј иронично ќе каже дека тоа е „вардарско-бановински“ говор. Тоа вардарско-бановинско говорење, таа синтагма што Стефановски духовито ја сватил во служба на општата слика на „рамноправноста“ што ја „уживал“ македонскиот народ во стара Југославија, како и под окупаторите оние низ векови и овие во Втората светска војна — бугарските, италијанските и германските фашисти) има и пошироко актуелно значење во моментот кога многу „мали“ народи се борат за етничко-националната егзистентност, за рамноправноста, слободата и правото на растеж на сопственото битие, на **сопствениот глас.**

Се разбира, „Дивото месо“ на Горан Стефановски... ни во еден момент не заборава дека диво месо може да се појави и во новите услови, маскирано во разни пароли, во нови напади врз народите **и човекот** во светот пренатрупан со различни опасности...

Екипа на талентирани изведувачи, со која Драмскиот театар повеќепати ги покажал своите творечки можности, дисциплинирано ги следеше поливателните значења на текстот и режијата, настојувајќи што постудиозно да ги протолкува внатрешните слоеви на **драмата.** Нема во оваа претстава спектакуларни „нумери“, привид на вдахновена сценска атрактивност, исфрорсирани изненадувања; се си е подредено на ритмите што делуваат на веќе по малку заборавената човечката душа, на срцето чиишто спектрални зраци најдлабоко ги „индоктринираат“ протагонистите на современиот хуманизам

Јубилејното Стериино позорје, крунисано со бројните признанија на „Диво месо“ од Стефановски — Унковски, ги немаше вообичаените паѓања, но ни друга претстава која можеше да ги преокупира професионално насочените гледишта... Дотолку е позначајна блексавата афирамација на **„Диво месо“** како битен современ театарски и идеен зрак во творечкото содејство на една бујна уметничка младост.

Сретен ПЕТРОВИЌ

„Фронт“ — Белград 17. 5. 1980

Кога не би постоело, би требало да се измисли

Вистинските вредности на 25-те театарски игри се сведуваат, главно, на три претстави, кои со помалку или повеќе причини ги наградија и официјалното жири. За жал, само претставата „Диво месо“ од Драмскиот театар од Скопје е градена на текст на наш современик, Горан Стефановски млад автор (1952) кој заедно со режисерот Слободан Унковски вторпат на Позорјето ја искажува и ја потврдува својата дарба и исклучителна можност на драмски писател.

Слободан Унковски во каталогот на Позорјето, покрај останатото рече: „Текстот на драмата „Диво Месо“ ми помогна да го истражувам нашиот голем комплекс на релација Балкан—Европа и да се обидам да ја определам цената на влезницата, која сите ние толку сакаме да ја добиеме на тој начин да се вклучиме поправо, на тој начин да бидеме прифатени во цивилизацијата“. Не треба да се биде особено проникливи, за да се забележи дека Горан Стефановски му даде на режисерот повеќе од тоа. Неговата драма е толку животна и слоевита што овозможува и други истражувања. Нејзиното дејствие се случува пред војната, во скопското предградие Дебармаало (или во било кое Дебармаало на Балканов) во семејството на ѕидарот Димитрија Андреевиќ, кој остана без нозе кога паднал од покривот на својата куќа.

Семејството го сочинуваат сопругата Марија и три сина, три различни судбини, три света, секој за себе. Како и мајката, впрочем, која се одликува со љубов кон домашните и инстинкт да почувствува „диво месо“, да го почувствува злото во човекот, како што направи кога дојде хитлеровецот Херман Клаус да им го растури сè она што го стекнувале целиот живот, за да го прошири автомобилското претставништво на својата земја. Во претставништвото како референт работи средниот син Стефан, тој се надева и верува дека ќе се одвои од „лојот и сламата“ и ќе отпатува во белиот свет да живее „на висока нога“. Кога таткото се спротивстави на разурнувањето на куќата и кога сите се најдоа на улица, Стефан сфати дека е измамен и дека во лицемерниот и безобзирен свет не може чесно да се живее. Најстариот син, по професија келнер, откако остана без работа, со бол во душата постојано другарува со алкохолот. Најмладиот Андреја, работи во бакалницата и во СКОЈ, упорен е да истрае во борбата за ослободување.

Во проекцијата на оваа семејна драма, Стефановски минуциозно ја дефинира секоја ситуација, секој негов лик е жив и убедлив во адекватно дијалошка структура.

Втора излезна точка на драмското дејствие е конфликтот околу проширувањето на германското претставништво, а не баш среќно решено од страна на Стефановиот обид да го убие Клаус и со трагедијата на шефот на претставништвото и неговата ќерка, кое настапи поради нивното еврејско потекло.

Ова е само упростен вид на драмата „Диво месо“ бидејќи нејзината слоевитост, повеќезначност, не може да се прераскаже. Таа, имено, припаѓа на родот на современата драматургија, која со својата сценаристичка структура им дава на режисерот и на протагонистите широки можности да ја развијат играта, да ги оформат карактерите. Режисерот Унковски дословно го почитувал текстот. Навистина дејствието не го сместува во Дебармаало, туку во простор, кој му овозможил да ја потенцира атмосферата на драмата и нејзините клучни пунктови. Во неговата режија се чувствува постапност, аналитично вајање на карактерите и осмисленост во текот на целата претстава. Како и во режијата на „Ослободување на Скопје“, Унковски е видовит за делови и за детали, но не ја губи од вид целината, макар што

тоа било тешко да се постигне, особено во вториот чин, кој драматуршки гледано е фрагментарен.

Накусо, Унковски оствари сугестивна претстава со фино чувство за најсуптилни драмски текови, во тоа, со сигурност, се потпира на актерскиот ансамбл, чија професионалност — во тоа одамна се уверивме — е на многу високо ниво .Навистина, скоро е неправедно да се издвојат поединци, целиот ансамбл убедливо и пожртвувано ја следи режисерската замисла, вовлекувајќи се под кожата на писателовите јунаци.

Костимите и просторот за игра ги обликувале Елена Дончева и Мета Хочевар како гости, а музиката ја компонирала групата „Леб и сол".

Алекса ИВАНОВИЌ

Радио Београд III програма 29. 4. 1980

Стефановски: „Диво месо"

Драмата на Стефановски „Диво месо" се развива на два плана: првиот ја опфаќа семејната средина на семејството Андреевиќ. Таткото Димитрија анвалид, и неговите синови Симон, Стефан и Андреја кои водат непрекината војна во која секогаш се жртви, бидејќи нивните меѓусебни расправии се условени од нивното недоразбирање, од неразбирањето на својот сопствен статус. Вториот план од драмата има политичко-историски димензии и дозволува да се насетат условите на животот во Скопје во очи на Втората светска војна. Во овој драмски текст, германскиот агент Клаус го вовлекува младиот Стефан во својата периферна игра и му ветува на момчето место во „возот за Европа" и можност засекогаш да расчисти со дебармаалскиот начин на живот.

И покрај тоа што авторот Стефановски со подеднакво внимание ги следи најситните, оние ефермерни детали на драмата, сепак централно место во драмата зазема судбината на Стефан. Неукиот, но амбициозен, наклонет кон лесни измами за стекнување кариера, Стефан одеднаш бива вовлечен во вителот на настаните кои го менуваат статусот на сите членови на семејството Андреевиќ. Симон, најстариот брат, оптоварен колку со неможноста да има дете толку и со сеопштата болка, ќе потоне во алкохолот и просто ќе си ја отвори душата во јавната куќа. Младиот брат Андреја, скоевец, ќе биде уапсен поради учество во штрајк и неговата судбина е позната. Мајката и таткото ќе бидат исфрлени од сопствениот дом, за да се прошири германското претставништво, по наредба од централата од Берлин, во кое нов шеф е оној Клаус кој му нудеше рајски благодети на Стефан. Кај Стефановски семејниот и општиот план непрекинато се проткајуваат и воспоставуваат определена моторика во рамки, во кои се јавуваат социјални и политички карактеристики, релевантни за детално разбирање на едно време. Стефановски ги разложува сложените односи, кои постојат меѓу членовите на семејството, но и збирот на условеностите кои го определуваат општественото битие на сите личности во драмата. Притоа Стефановски има смисол за градење на добар дијалог, ефектен, понекогаш духовит, дијалог кој главно ја антиципира следната ситуација и кој има смисол да ја градира и прецизно да ја опише. Со низата промени, причинско-последичните врзувања на кусата сцена, кои по својата формална карактеризација донекаде потсетуваат на текстот на Јовановиќ „Ослободување на Скопје", Стефановски динамично го вообличува сценското збиднување, кое одејќи кон конечното разјаснување донекаде се уситнува и се проткајува со елементи на мелодраматично толкување на начинот на мислење, кое постепено се раѓа во свеста на Стефановски.

Унковски е режисер со изразена смисла за нијанси. Овој режисер инсистира на до-

следно следење на писателовата идеја и своето знаење и способност за оформување на ситуации и карактери ги става во служба на писателот. Унковски е режисер кој не бара со атрактивности и со надворешни ексцентрични решенија да ги фасцинира гледачите.

дачите. Унковски трпеливо разработува секоја ситуација, допуштајќи на актерот да го развие ликот до крајни функционални одредишта. Режисерот во ансамблот имал потполна поддршa од Благоја Чоревски, Мето Јовановски Крум Стојанов, иако последните двајца покажаа тенденција кон донекаде надминат, патетичен актерски исказ. Хармонично и со мерка задачата ја исполнија Петар Темелковски, Милица Стојанова, Снежана Стамеска и Димче Мешковски.

Сцената на Мета Хочевар сепак беше недоволно определена а костимите на Елена Дончева-Танчева беа насочени кон сива и црна боја.

Радомир ПУТНИК



АРТИСТОТ БЛАГОЈА ЧОРЕВСКИ ЈА ПРИМА НАГРАДАТА ЗА НАЈДОБРО АРТИСТИЧКО ОСТВАРУВАЊЕ ЗА УЛОГАТА НА СТЕФАН



„Ослобоѓење“ — Сараево 28. 4. 1980

Драма на (балканската) инфериорност

Можеби не е случајно што на крајот од едно прилично монотоно и неуверливо Позорје се појави претстава којашто возбудува и речиси го фрла во сенка сето она што се случуваше во претходните денови. Зашто, барем по законите на веројатноста, редно е одвременавреме да се појави драма која го оправдува постоењето на театарот на едно поднебје: овој пат тоа е без било какво двоумење „Диво месо“ на младиот македонски писател Горан Стефановски, во изведба на Драмскиот театар од Скопје.

Според народното верување, дивото месо се јавува во човекот кога ќе голтне влакно и тогаш се јавуваат проблеми со дишењето; јунакот на оваа драма голтнал влакно на инфериорноста и на работ на задушување се доведе не само себеси, туку и целото свое семејство, односно заедницата. Доволно е, како илустрација, да се потсети што се случува кога младиот Стефан во својот дом го доведува својот шеф, сопственикот на германската фирма којашто има претставништво во предвоеното Скопје: својот куц татко го пренесува од единствената фотелја на обичен стол за да му направи место на господин Клаус, бара од својата очајна мајка да му пее народни песни на гостинот-туѓинец, на својата снаа ѝ вели да го служи и така натаму. Поради таа и таквата инфериорност, тој ќе ги загуби и девојката и братот, неговиот дом ќе биде урнат, а на крајот сепак ќе мора да сфати дека еманципацијата не се постигнува со сервилност и имитирање, туку само во рамките на сопствениот род и идентитет, со решително самопочитување. Не станува збор за хепиенд — тажна е завршната фотографија на Стефановото унесреќено семејство во квечерината на војната додека се приближуваат кобните барабани на новиот „цивилизатор“, но од неа се појавува рака со револвер којашто, бездруго, ќе појде во неминовната акција.

Соработувајќи со Стефановски веќе подолго време, докажувајќи дека драмски писател не може да се развива без постојана помош на поискусен режисер со слични творечки афинитети, Слободан Унковски го сфатил „Дивото месо“ како можност и за преиспитување на своите лични интелектуални дилеми што се јавуваат на релацијата Балкан—Европа. И, служејќи се со најмодерни сценски средства, со вешта монтажа на сцени пред сè, набивајќи ја секоја сцена со емотивен електрицитет што гледачот речиси го крева од столот и го полни со самоосознавање, Унковски направил супериорна претстава за (балканската) инфериорност. Во тоа му помогна и Мета Хочевар, моментно најбараниот сценограф во земјата, понудувајќи мошне инспиративен простор за игра; навистина, по нејзините неколку сценографии на годинашново Позорје, што се состојат од релативно мал број експресионистички елементи од плексиглас, метал и ткаенина, а со интензивно користење на светло, гледачот не ќе може лесно да се согласи со стереотипните и несмасни реалистични сценски решенија од бојосано дрво или шперплоча на којашто се гледаат шајки и со руинираните реквизити од театарскиот фундус во некоја друга претстава.

Темпераментниот, но хомоген, ансамбл на Драмскиот театар од Скопје (седумпати учествувал на Стериино позорје, а трипати бил победник), со ретко видена инспирација го изведе „Диво месо“, така што критичарот не знае кому да упати повеќе комплименти — на Крум Стојанов кој го играше достоинственото татко, на Мето Јовановски кој го толкуваше братот Симон, пијаничиште, жртва на провинцијата, на Снежана Стамеска — Вера која мечтае за син кого би го чекала поубава иднина, или на Благој Чоревски кој за својот Стефан ја доби актерската награда на Позорјето веројатно затоа што оствари лик досега непознат во литературите на југословенските народи. И другите актери дадоа забележлив придонес во оваа претстава на исклучителни димензии и од општојугословенско значење којашто го доведува нашиот театар во орбита на современоста.

Миро ЈАНЧИЌ

ПРЕТСТАВАТА „ДИВО МЕСО“ ДОБИ 9 НАГРАДИ НА СТЕРИИНО ПОЗОРЈЕ 1980 ГОДИНА. — НА ФОТОГРАФИЈАТА СЕ НАГРАДЕНИТЕ ТЕАТАРСКИ РАБОТНИЦИ ВО ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ОСТВАРУВАЊА

„Политика експрес“ — Белград 28. 4. 1970

Силно

На завршницата на годинашниве театарски игри во Нови Сад ансамблот на Драмскиот театар од Скопје ја прикажа претставата „Диво месо“ од Горан Стефановски во режија на Слободан Унковски. Веднаш да напоменеме дека претставата на македонските уметници со својата остра едноставност, со грижлива театрализација, вдахновена со

актерските остварувања, остави целосен, неподелен впечаток кај публиката, која со извесно негодување проследи голем дел од претставите на годинашниов репертоар.

„Диво месо“ од Горан Стефановски, млад театарски писател, автор на успешната драматизација „Јане Задрогаз“, е семејна драма ситуирана во Скопје во периодот меѓу 1939 и 1940 година, во времето на дефинитивниот налет на фашизмот во нашата земја. Средниот син на ѕидарскиот работник Димитрија Андреевиќ, Стефан, вработен е во претставништвото на една германска фирма, слепо сака, не обрнувајќи се на традиционалните и етички постулати на средината во која израснал, да ја искористи шансата која му ја дава работоводецот и да се доближи до тогашниот модел на цивилизиран европски човек. Тој негов обид доведува до распаѓање на семејството. Од една конкретна ситуација Горан Стефановски, ненаметливо но и недвосмислено го проблематизира прашањето за цената на лекувањето на „синдромот“ наречен „цивилизирана Европа“ која ја плаќа човекот од овие наши простори. Драмата на Горан Стефановски претставува конкретно дело во кое поезијата не се исцрпува во себе самата, туку во функција на секојдневниот говор.

● Слободан Унковски, многу интелигентно и во театарска смисла многу импресивно ја постави драмата, користејќи се со искуството на нашиот „радикален театарски тек“, што се гледа и во неговите поранешни режии. Во соработка со извонредниот сценограф Мета Хочевар, се прави најоптимален простор за игра, чија структура овозможува водење на дејствието и постигнување ритам.

Меѓутоа, така поставената сценографија, изработена од плексиглас со камена маса, го надминува локалитетот каде што се случува дејствието и остварената дава широка асоцијација и значење.

● Ансамблот на Драмскиот театар од Скопје со извонредното чувство за колективна игра го поддржува режисерот во сите негови настојувања. Центрипеталната сила на претставата (и драмата) е ликот на Стефан, кој го толкува Блогоја Чоревски. Свесен за значењето на ликот, Чоревски со најфини средства постапно го разложува и го образложува: самоуверениот, кариеристички поход на неговиот Стефан во првиот дел носи во себе запретана трагика која се открива во вториот дел. Крум Стојанов како татко на семејството, е човек со горчина и бол, со рационална мисла за сè она што се случува во домот и надвор од него. Најстариот син Симон го толкува Мето Јовановски. Оваа донекаде клиширана улога — Симон се оддава на пиење од лични причини, но и од интуитивно чувство на страв пред нешто што треба да дојде — Јовановски ја оствари на еден автентичен и мајсторски начин. Мајката на семејството Милица Стојанова со убави емоции кон сите, со позиција на жена која гледа дека идеалот на патријахалниот живот се распаѓа пред нејзините очи. Најмладиот син Андреја е скоевец и со пламен карактеристичен за една младост и верба во она што работи — ова го протолкува Ненад Стојановски а на исто рамниште беше и Иван Петрушевски, кој го толкува ликот на неговиот пријател Ацо. Снежана Стамеска, Петар Темелковски, Димче Мешковски, Лилјана Велјанова, Стево Спасовски, Шишман Ангеловски, Ленче Делова и Видосава Грубач дадоа очигледен актерски удел во оваа претстава.

Извонредните костими беа на Елена Дончева-Танчева.

Авдо МУЈЧИНОВИЌ



„Дневник“ — Љубљана 20. 5. 1980

„Балкански синдром“

По народните преданија, диво месо е туѓо тело во човековиот организам кое настанува кога човекот голтнува влакно што во грлото му нараснува и го задушува човекот. Таа приказна за човековата несреќа ја зема младиот македонски драматург **Горан Стефановски** (негово дело е и успешната претстава „Јане Задрогаз“) и во својата драма „Диво месо“ зборува за трагедијата на слепата човекова амбициозност, за кризата и деструкцијата на патријахалното семејство и за пропаѓањето на социјалната средина што е утемелува врз традиционалните вредности. Драмата го прикажува пропаѓањето на илузиите, конфликтот и теагедијата во едно македонско семејство во времето непосредно пред Втората светска војна, зборува за семејството на Димитрија Андреевиќ (Крум Стојанов), бивш ѕидар, инвалид, кој се унесреќува градејќи го својот дом и ја прикажува судбината на неговите три сина: најсариот Симон (Мето Јовановски) пропаѓа како жртва на својата интимна драма, како жртва на своите верувања во бесмисленоста на животот; Стефан (Благој Чоревски) ќе биде жртва на своите илузии за големите перспективи што ги согледува во некритичното европеизирање; и најмладиот Андреј (Ненад Стојановски) има криза пред радикалните одлуки за жртвување на својот живот на револуцијата.

Семејството уште во самиот почеток на драмата е разнишавено: традиционалните семејни слави не се празнуваат заедно, а празничната погача паѓа од масата на подот за време на посветувањето — а тоа по старото верување претскажува несреќа. Протагонист на таа несреќа е Стефан, амбициозен млад референт во претставништвото на странска автомобилска фирма, поклоник на Западна Европа и на нејзиниот индустриски потенцијал, којшто по неговото убедување му ги отвора единствените животни перспективи во името на кои треба да се откаже од ограничената мисловност на домашниот свет, базиран врз традиции.

Претставништвото што го води еден стар Евреин, го презема дојденец од Германија, со нацистичка идеологија задоен декадентен аристократ Клаус (Петар Темелковски) и со неговото доаѓање почнува и пропаста на семејството што пак симболично завршува со уривањето на куќата изградена од таткото на семејството.

За таа трагедија зборува драмата „ДИВО МЕСО“ во 17 сцени. Во експозицијата тоа е донекаде традиционалистички пишуван драмски текст, што меѓу реалистичниот дијалог внесува поетски потки и симболи. Со шестата сцена, повеќе или помалку раскажувачки доследно, се променува на драматургија на сцени со каква се има служено Душан Јовановиќ во „Ослободувањето на Скопје“. Таа хибридна драматургија, на режисерот **Слободан Унковски,** на сценографот **Мета Хочевар** и на ансамблот на Драмскиот театар од Скопје (костими на **Елена Дончева-Танчева** и музика на „Леб и сол“) им наметна многу тешкотии. Ликовно извонредно чиста речиси графички обликувана сцена (црна заднина со светотл подиум, две полувисоки квадратни плочи, со прозрачни пластични површини формирани во кубуси, што при различно светло овозможуваат голем број ефекти) донекаде премногу апстрактен простор за миметичната реалистична игра што доминира во првиот дел на претставата. Јасно складниот елемент станува сцена дури во вториот дел кога Унковски владее со исклучителен ритам во тој простор, нижејќи ги кратките и интензивни сцени сè подлабоко кон катастрофата што доаѓа. Унковски го режира првиот дел духовито, сензибилно ги толкува судбинските настани за да го обликува на крајот во потесна сцена на очајничката Симонова самотија и човековата нереализираност. Во вториот дел со суверено градирање на настаните и со дисциплинираната игра на целиот ансамбл, тој владее со редот на остро експонираните сцени и ја изградува претставата во кохерентна и многузначна целина што ја наградува хибридната драматуршка структура на текстот.

Унковски успеал да ги избегне опасностите на црно-белото сликање на конфликтите меѓу туѓинскиот и домашниот свет, но не успеал добро да го вкомпонира во претставата наспоредниот драматуршки мотив на татковото проклетство врз синовите, коешто во текстот е повеќе нафрлено отколку развиено. Наспроти определените резерви спрема текстот, „Диво месо“ и со тематиката што ја обработува заслужува внимание како современо драмско дело затоа што доволно критички се зафаќа со „балканскиот синдром“ на инфериорност на европскиот југ пред Западна Европа. Заслугата на Унковски е што со оваа претстава македонскиот театар се издигнува над рамништето на фолклорно-егзотичната театарска спектакуларност.

Јернеј НОВАК



Документација

Лична карта на „Диво месо“

Автор:	Горан Стефановски
Режисер:	Слободан Унковски
Сценограф:	Мета Хочевар
Костимограф:	Елена Дончева-Танчева
Музика:	„Леб и сол“
Лектор:	Јелица Инадеска

Премиера:	29. 12. 1979
Претстави:	28
Гледачи:	11.102
Гостувања во:	Ниш, Нови Сад, Земун, Панчево, Куманово и Тетово

Улоги:

Крум Стојанов и Ацо Ѓорчев (Димитрија Андреевиќ), Милица Стојанова (Марија), Ненад Стојановски (Андреја), Благоја Чоревски (Стефан), Мето Јовановски (Симон), Снежана Стамеска (Вера), Стево Спасовски (Херцог), Лилјана Велјанова (Сара), Петар Темелковски (Херман Клаус), Видосава Грубач (Бајачка), Димче Мешковски (Савиќ), Иван Петрушевски (Ацо) Ленче Делова (Мими) и Шишман Ангеловски (Поп)



За „Диво месо“

Венчавка со ѕвездите

Рефлекторите се гакнат
Молкавици во говорот

Тука завршува Балканот
И што ни е гајле колку чини
Влезницата за Европа

Светат во мракот дунавските лаѓи
Море сокол пие вода на Вардарот

Опојно вино од радосници
Ѕвезден прстен во срцата

Талија потскокнува како риба
На македонската венчавка со ѕвездите

Рефлекторите се гаснат
Молскавици во говорот

Улава, полноќна гозба на боговите

Ристо Лазаров

Нови Сад, 26 април 1980

СО ПОСЕБНА НАГРАДА НА ГОДИНАШНОВО ЈУБИЛЕЈНО СТЕРИИНО ПОЗОРЈЕ МУ БЕШЕ ОДДАДЕНО ПРИЗНАНИЕ НА МАКЕДОНСКИОТ АРТИСТ ПЕТРЕ ПРЛИЧКО

Републички преглед на премиери

ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ

Мала сцена
ЧЕХОВ („ПОДБИВНА СРЕЌО МОЈА“)

Леонид Малјугин
Превод: Саша Маркус
Режисер: Саша Маркус
Според замислата на Драган Биков
Декорот го изведе Илија Велевски
Костимограф: Рада Петрова-Малкиќ
Музичка илустрација: Андреј Бељан

Учествуваат: Антон Павлович Чехов — МИТЕ ГРОЗДАНОВ, Лидија Мизинова (Лика) — СЛАВИЦА НИКОЛОВА-ЗАФИРОВСКА, Олга Леонардова Книпер — ЛИЛЈАНА ГЕОРГИЕВА и САБИНА АЈРУЛА, Александар Павлович Саша — САМУИЛ ДУКОВСКИ, Марија Павлова (Маша) — ЛЕНЧЕ ДЕЛОВА, Алексеј Максимович Пешков (Горки) — СИМЕ ИЛИЕВ.

Премиера: 9. 1. 1980

ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ

Мала сцена
ПАНУРГИЈ или
ПРЕКРАСНИ ПРЕПРАВАЧИ
Русомир Богдановски
Режисер: Коле Ангеловски
Сценографија и костимографија: Владимир Георгиевски
Музика: Димитар Масевски

Учествуваат: Бахус — КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ, Јове Лапало — ИВАН ПЕТРУШЕВСКИ, Пантагруел — ГОЦЕ ТОДОРОВСКИ, Панаургие — ВЛАДИМИР АНГЕЛОВСКИ и МЛАДЕН КРСТВЕСКИ, Чуруликало — МАРИН БАБИЌ И АЦО ДУКОВСКИ, Игуменот — КОЛЕ АНГЕЛОВСКИ, Докторот — МАРИН БАБИЌ И АЦО ДУКОВСКИ, балерини во претставата ВИКТОРИЈА АНГУШЕВА, ГОРДАНА БОЖИНОВСКА И ЉУПКА ГЕОРГИЕВСКА,

Премиера: 5. 2. 1980



ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ
Мала сцена

СТОЛОВИ

Ежен Јонеско
Превод: Ташко Саров
Сценографија: Љубомир Чадиковски
Костими: Ѓорѓи Здравев

Учествуваат: Мара Исаја, Јон, Исаја и Абдулаи Јусуф, к. г.

Премиера: 4. 3. 1980



ДРАМСКИ ТЕАТАР — СКОПЈЕ

ДОН ЖУАН

Жан Батист Молиер

Превод: Илија Милчин

Режисер: Љубиша Георгиевски

Сценограф и костимограф: Миодраг Табачки

Музика: Андреј Белјан

Лектор: Јелица Инадеска

Учествуваат: Дон Жуан — ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ, Зганарел — ЃОКИЦА ЛУКАРЕВСКИ, Елвира — ЛЕНЧЕ ДЕЛОВА, Гузман — ВЛАДИМИР АНГЕЛОВСКИ, Дон Карлос — СТЕВО СПАСОВСКИ, Дон Алонзо — ДИМЕ ИЛИЕВ, Дон Луј — КРУМ СТОЈАНОВ, Франциско, питач — ГОЦЕ НИКОЛОВСКИ, Шарлото — ДУШИЦА СТЕФАНОВСКА, Матурина — МАЈДА ТУШАР, Пјеро — МИТЕ ГРОЗДАНОВ, Статуа на Командантот — БЕКИР НУРЕДИНИ, Ла Виолет — ЃОРЃИ ТОДОРОВСКИ, Раготен — МЛАДЕН КРСТЕВСКИ, Господин Диманш — СЛАВЧО ТАСЕВСКИ.

Приемиера: 4. 6. 1980 година

МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР — ДРАМА

ЧЕРЕП

Назим Хикмет

Превод: Илхами Емин

Режисер: Кемал Лила, к. г.

Сценограф: Бранко Костовски

Костимограф: Рада Петрова-Малиќ

Музика: Кемал Лила и Драган Радовановиќ

Учествуваат: Д-р Далбанезо — КИРО ЃОРТОШЕВ, Керката — СНЕЖАНА КИСЕЛИЧКА, Домарката — ДОБРИЛА ПУЦКОВА, Проститутката — АФРОДИТА КИРЈАКОВСКА, Педро — ДИМИТАР КОСТОВ, АЛЕКСАНДАР ШЕХТАНСКИ, Поетот — ТОМЕ ВИТАНОВ, Вилијамс — ЧЕДО ХРИСТОВ, Паулина — СОЊА КАРАНЃУЛСКА, Посредник — КИРИЛ АНДОНОВСКИ, Лекарот — КИРО КОРУНОВСКИ

Приемиера: 17. 5. 1980 година.



МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР — ДРАМА

КАНДИД

Волтер

Превод: Илија Милчин

Режисер: Владимир Милчин

Сценограф: Бранко Костовски

Костимограф: Рада Петрова-Малкиќ

Избор на музика: Владимир Милчин

Учествуваат: Кандид — ВЛАДИМИР СВЕТИЕВ, Панглос — ИЛИЈА МИЛЧИН, Кунигунда — КАТИНА ИВАНОВА, Пакета, Дамата — ЈОАНА ПОПОВСКА, Старицата, Маркизата — МЕРИ БОШКОВА, Невестата, Гирланда — ЕМИЛИЈА АНДРЕЕВА, Дениза — СЛАЃАНА НЕШИЌ, Наталија — СЛАВИЦА КОВАЧЕВИЌ, Лекарот, Сесил, Едвард — ЈУСУФ АБДУЛАИ, Баронот, Проповедникот, Инквизиторот, Гувернерот, Опатот — ЉУПЧО ПЕТРУШЕВСКИ, Мартин — ЕМИЛ РУБЕН, Какамбо — БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВСКИ, Јаков, Елдорадо, Стопанот — РАТКО ГАВРИЛОВИЌ, Патникот, Жирофле — АЛЕКСАНДАР ЃУРОВСКИ, Офицерот, Виконтот, Пијаниот — КИРИЛ РИСТЕСКИ, Морнарот, Клемансо, Лекарот — СЛАВКО НИНОВ, Дон Исхар, Трговецот, Ахмед — ДРАГИ КРСТЕВСКИ, I врбувач, I езуит, Чиновникот, Полицаецот, I јаничар — КИРО ПСАЛТИРОВ, II врбувач, II езуит, Лицето, Чуварот, II јаничар — МИРЧЕ ДОНЕВСКИ

Премиера: 4. 4. 1980 година.

НАРОДЕН ТЕАТАР „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ — ПРИЛЕП

ХАЈДИ

Јохана Шпири

Режисер: Блаже Алексоски

Сценограф: Васил Костов

Учествуваат: Дедо Горан — ТРАЈЧЕ ИВАНОСКИ, Хајди — ЕЛИЗАБЕТА ГЛИШИЌ, Тетка Дета — ЕВИЦА ГЛИШИЌ, ДРАГИЦА ЃОРЧЕСКА, Петре Козарче — ЦВЕТАНЧО ВОЛЧЕСКИ, Неговата баба Ана — ПРАВДА ИЛИЌ, Господин Сезман — ПЕТАР ДИМОСКИ, Госпоѓица Ротермаер — ЛИДИЈА ИВАНОСКА, Клара — ИВАНКА ЃОРЃИЕСКА, Себастијан — ДИМИТАР ВУНДЕСКИ, ГОЦЕ НАУМОСКИ.

Премиера: 8. 3. 1980 година

НАРОДЕН ТЕАТАР „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“ — ПРИЛЕП

И АДАМ И ЕВА

Бранко Ставрев

По Марко Цепенков

Режисер: Ацо Алексов, к. г.

Музика: Андреј Белјан, к. г.

Учествуваат: БЛАГОЈА ИВЧЕСКИ, ЛИДИЈА ИВАНОСКА, ТРАЈЧЕ ИВАНОСКИ, БЛАЖЕ АЛЕКСОСКИ, КИРИЛ ЖЕЖОСКИ, ЦАНЕ НАСТОСКИ, ЛИЛЈАНА РАКИДЏИЕВА, ЕВИЦА ГЛИШИЌ, ПРАВДА ИЛИЌ, ДИМИТАР ВАНДЕСКИ, ПЕТАР ДИМОСКИ, ИВАНКА ЃОРЃИОСКА, РАМПО КОНЕСКИ, АЦЕ МИХАЈЛОСКИ, ГИЦЕ НАУМОСКИ, ВЛАДО ДОРОШЕВСКИ.

Премиера: 19. 2. 1980 година



НАРОДЕН ТЕАТАР „АНТОН ПАНОВ“ — СТРУМИЦА

ДУНДО МАРОЕ

Марин Држиќ

Режисер: Александар Думов

Сценограф: Ниче Василев

Костими: Рада Петрова, к. г.

Учествуваат: Дуно Марое — АЛЕКСАНДАР ДУМОВ, Маро — КИРЧО ЃОРЃИЕВ, Уго — ТОМЕ МЕНТИНОВ, Помет — КИРИЛ ЗДРАВЕВСКИ, Попива — РИСТО КОСТОВ, Бокчило — ЃОРЃИ ШАЛАМАНОВ, Ондардо де Аугусто — БОШКО ДИМИТРОВ, Сади — ПАНЧО БОСИЛЈАНОВ, Нико и Влахо — МЛАДИ ДУБРОВЧАНИ, Оштиер — ЃОРЃИ ВАСИЛЕВ, Лаура — ЉУБИЦА ПИПЕРЕВСКА, Петрунјела — ЗОРА ГЕОРГИЕВА, Пере — ТИНКА РИСТЕСКА, Баба — ТИНКА СРБИНОВА, Сињор Капетано — САНДО МОНЕВ, Стражар — РАДЕ ВУЧЕТИЌ, војници — придружба на Ондардо — ВАНЧО КРСТЕВСКИ, ВАНЧО МЕЛЕВ, ЕЛИЦА СТОЈАНОСКА

ТЕАТАР НА НАРОДНОСТИТЕ — СКОПЈЕ
АЛБАНСКА ДРАМА
НИТА
Јосип Реља
Режисер: Серафим Франко, к. г. (Албанија)
Сценограф и костимограф: Ксенофон Дило, к. г. (Албанија)
Лектор: Хамза Река
Музика: Рецо Мулиќ
Асистент по режија: Исмаил Рама
Учествуваат: Прен Вука — ИСМАИЛ РАМА, Нита — ДРИТА АЛИУ, СИЛВАНА БАЈЧИНОВЦИ, Зефи и Уцит — СЕФЕДИН НУРЕДИНИ, Џон Скендери — ЗИЈА БЕРИША, Марк Уци — МАРК МАРКУ, Јак Перај — БЕЌЕТ ПИТАРКА, Даш Пањи — ЕКРЕМ АХМЕТИ, Лук Капетани — БАЈРУШ МЈАКУ, Итха — АНТОАНЕТА КОВАЧЕВИЌ, Цана — АЕТИ РЕЏЕПИ, Роза — ЕЉХАМЕ БИЛАЛИ, ДРИТА МОРИА, Пали — ЏЕВАТ ЛИМАНИ, Нику — СЕЛМАН ЈУСУФИ, ХЕКУРАН ЛОГА, Мимчи — ЗИЈАДИН МУРТЕЗАЈ, АГРОН БЕРИША, Поп — МЕХДИ БАЈРАКТАРИ, Џовани Кристофали — КАМИЛ ВАЈНЕР, Лезе Томи, Вера Јозе, Месерет Чаволи, Дијана Мехмети, Зекир Дураку, Арбан Шахиќи, Љуан Алиу, Љинда, Салахудин Билал, Мушереф Лозана. Фехми Груби, Перихан Туна, Фазли Шакири, Рамадан и Башким Пачуку.
Премиера: 10. 5. 1980

ТЕАТАР НА НАРОДНОСТИТЕ — СКОПЈЕ
Албанска драма
ЛУЛИ ВО ЦАРСКИОТ ДВОР
Гани Јетиши
Режисер: Ахмет Јакупи
Сценограф: Панче Минов
Костимограф: Исмалил Рама
Музика: Ахмет Сабит
Учествуваат: Лули — СЕФЕДИН НУРЕДИНИ, Принцот — ЏЕВАД ЛИМАНИ, Агитатор БЕХЏЕТ ПИТАРКА, Принцезата — ДРИТА МОРИНА, други учесници во претставата се: ЕЛХАМЕ БИЛАЛИ, ДРИТА АЛИУЈУ, ЗИЈАДИН МУРТЕЗА, ЗЕЌИР ДУРАКУ, БЕЌИР НУРЕДИНИ,
Премиера: 11. 3. 1980 година

ТЕАТАР НА НАРОДНОСТИТЕ
Турска драма
АЛАДИН И ВОЛШЕБНАТА ЛАМБА
Драматизација и превод: Хасан Мерџан
Режисер: Шерефетин Неби
Сценограф: Панче Минов
Музика: Ахмет Сабит
Учествуваат: Аладин — АХМЕА ВЕЛИ, Мајката на Аладин — ПЕРИХАН ТУНА, Султан Булукан — НАЏИ ШАБАН, Принцезата Бадри-будар — МУХАРЕМ БИЛАЛ, Големиот везир — ШЕВКЕТ НАИМ, Волшебникот — ИРФАН БЕЛУР, Гуштерчето — ЕРДОАН МАКСУТ, Духот — РИЈАТ ТАХИР.
Приемиера: 28. 2. 1980 година

С О Д Р Ж И Н А

Страници 3—19

ТИТО, ТЕАТАР И АКТЕРИ (ФОТОГРАФИИ)

Страници 4—5

Хисен Рамадани: „Тито, театар и актери“

Страница 20

„ДИВО МЕСО“ — НАГРАДИТЕ НА СТЕРИИНО ПОЗОРЈЕ 1980

Страници 21—33

„ДИВО МЕСО“ — КРИТИКИ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ПЕЧАТ

Страница 34

ЛИЧНА КАРТА НА „ДИВО МЕСО“

Страница 35

Ристо Лазаров: „ВЕНЧАВКА СО SВЕЗДИТЕ“

Страници 36—39

РЕПУБЛИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРЕМИЕРИ